**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП бр.09-1/16

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р Борче Размоски–Претседател, М-р Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi-членови, постапувајќи по Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-43/1 од 21.12.2022 година поднесено од страна на Друштво за трговија и производство АГРО-ТРЕФ ДОО со седиште на ул. Ударничка бр.35 с. Долни Подлог, Кочани против Комунално Јавно претпријатие „Водовод” со седиште на ул. „Др. Николиќ” бр.64 Кочани, на седницата одржана на 04.07.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека Комунално Јавно претпријатие „Водовод” со седиште на ул. „Др. Николиќ” бр.64 Кочани, со ЕМБС:4048393, ЕДБ: 4013968102159, жиро-сметка бр. 300-0500000087-15 во Комерцијална Банка- Скопје и овластено лице- Мирче Паунов, како јавно претпријатие основано со одлука на Собранието на Општина Кочани кое поседува доминантна позиција на пазарот на снабдување со геотермална вода на територијата на Општина Кочани, доставил Договор за снабдување со количина на геотермална вода бр.12-3571 од 18.10.2023 година на Друштвото за трговија и производство АГРО-ТРЕФ ДОО, со кој договор вметнал ограничувачка одредба во член 3 став (3), што претставува прекршок од член 59 став (1) точка 2), а во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, при што му се изрекува санкција – глоба во износ од 10.000,00 денари, што претставува 0,0040% од вредноста на вкупниот годишен приход Комунално Јавно претпријатие „Водовод” остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителите на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Образложение

До Комисијата за одлучување по прекршок при Комисија за заштита на конкуренцијата конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) на ден 21.12.2022 година од страна на Друштво за трговија и производство АГРО-ТРЕФ ДОО со седиште на ул. Ударничка бр.35 с. Долни Подлог, Кочани (во понатамошниот текст: АГРО-ТРЕФ ДОО) поднесено е Барање за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-43/1 против Комунално Јавно претпријатие „Водовод” со седиште на ул.„Др. Николиќ” бр.64 Кочани (во понатамошниот текст: КЈП Водовод Кочани) заради утврдување на сторен прекршок од член 59 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата-злоупотреба на доминанта позиција во смисла на член 11 од овој закон.

Во барањето се наведува дека КЈП Водовод Кочани на ден 30.11.2022 година доставил до АГРО-ТРЕФ ДОО Договор за снабдување со количина на геотермална вода бр.12-3571 од 18.10.2023 година, со кој договор меѓу другите договорни права и обврски во член 3 став 3) од договорот е наведено доколку дојде до прекин и исклучување од ситемот за напојување со електрична енергија од било кои причии кај снабдувачот-давателот не е одговорен за настанатата евентуална штета кај корисникот и исто тка наведува дека тоа е спротивно на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите

На ден 22.12.2022 година со електронска порака заведена со ПП бр.09-26/2 од страна на АГРО-ТРЕФ ДОО до КОП е доставено дополнување на Барањето за поведување на прекршочна постапка ПП бр. 09-43/1 од 21.12.2022 година и со истото доставени се прилози со кои подносителот на барањето го поткрепува барањето за поведување на прекршочна постапка и тоа: Одлука на Управен Одбор на КЈП Водовод Кочани со бр.02-381/2, Договор помеѓу КЈП Водовод Кочани и АГРО-ТРЕФ ДОО од 30.11.2022 година и последно бјавени финансиски извештаи на КЈП Водовод Кочани за третото тромесечие од 2021 година.

Со електронска порака заведена со ПП бр.09-26/1 на ден 26.04.2023 година, АГРО-ТРЕФ ДОО достави до КОП Дополнување на барањето за поведување на прекршочна постапка од 22.12.20022 година.

На ден 23.11.2023 година со електронска порака до КОП заведена со ПП бр.09-26/2, АГРО-ТРЕФ ДОО достави дополнување на барањето за поведување на прекршочна постапка. Во барањето АГРО-ТРЕФ ДОО наведува дека КЈП Водовод Кочани повторно го доставил до АГРО-ТРЕФ ДОО истиот циркуларен образец како договор за грејната сезона 2023/2024 година, со истите одредби и цени, користејќи ја својата монополска позиција на пазарот како единствен можен снабдувач со енергенс. Во прилог на оваа барање АГРО-ТРЕФ ДОО до КОП достави: Допис од АГРО-ТРЕФ ДОО до Советот на Општина Кочани, Извештај за финансиското рабтење на КЈП Водовод Кочани во период од 01.01 до 31.03.2023 година, Извештај за финансиското рабтење на КЈП Водовод Кочани во период од 01.01 до 31.12.2022 година, Статут на КЈП Водовод Кочани бр.01-120/1 од

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

16.03.2020 година и Договор за снабдување на геотермална вода бр.12-357/1 д 18.10.2023 година.

Со електронска порака ПП бр.09-23/1 на ден 29.05.2024 година АГРО-ТРЕФ ДОО достави до КОП Дополна на ургенција по барање за поведување на прекршочна постапка. Во прилог на оваа дополна до КОП, АГРО-ТРЕФ ДОО достави до КОП: Калкулација за утврдување на ценат на геотермална вода од 03.11.2022 година, Извештај за финансиското рабтење на КЈП Водовод Кочани во период од 01.01 до 31.03.2023 година, Калкулација за утврдување на ценат на геотермална вода од 23.09.2022 година и Статут на КЈП Водовод Кочани бр.01-120/1 од 16.03.2020 година.

На ден 05.06.2024 година со електронска порака ПП бр.09-23/2, АГРО-ТРЕФ ДОО достави до КОП Дополна на ургенција по Барање за поведување на прекршочна постапка, со која АГРО-ТРЕФ ДОО доставува до КОП појаснување околу концескиските надоместоци и нивната регулација, а кои се дел од цената на геотермалната вода.

Со електронска порака заведена со ПП бр.09-23/3 на ден 05.06.2024 година, АГРО-ТРЕФ ДОО достави до КОП Дополна на ургенција по Барање за поведување на прекршочна постапка од 21.12.2022 година, со кој уште еднаш достави појаснување до КОП околу неоправданото покачување на цената на геотермална вода од страна на КЈП Водовод Кочани.

На седница одржана на ден 08.07.2024 година КОП донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.08-23/8 против КЈП Водовод Кочани. Со Заклучокот КОП го задолжи КЈП Водовод Кочани да ги достави следните податоци и документи: биланс на успех за 2023 година, извод од Централен регистар на Република Северна Македонија, податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и банка-депонент на сметка и произнесување по барањето за поведување на прекршочн постапка.

Заклучокот е доставен со пропратно писмо бр. 09-23/9 од 08.07.2024 година.

На ден 23.07.2024 година со допис бр. 09-23/10 КЈП Водовод Кочани достави до КОП произнесување по Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.08-23/8.

Во одговорот на Заклучокот, КЈП Водовод Кочани наведува дека корисникот на услугите. во случајов АГРО-ТРЕФ ДОО, со потпишувањето на договорот дал изјава на волја со условите од понудениот договор и со истиот се согласил. Исто така во одговорот се наведува дека АГРО-ТРЕФ ДОО до денот на истекување на договорот не доставил никакви забалешки по однос на истиот, а особено не на извршувањето на услугата од страна на КЈП Водовод Кочани. Истиот склучил потоа и втор договор на кој исто така немал зебелешки.

Во одговорот на Заклучокот, КЈП Водовод Кочани наведува дека договорите со корисниците се склучени под исти услови без разлика дали станува збор за јавни институции меѓу кои спаѓаат и училишта или други стопански субјекти или пак одредени

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

физички лица кои ја користат услугата. По однос на настанати штети предизвикани од неисполнување на договорот од страна на КЈП Водовод Кочани, истиот наведува дека ниту еден корисник нема доставени барање или известување за настаната штета по основ на неисполнување на условите од договорот.

На ден 14.03.2025 година КОП донесе Прелимарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-1/6 до КЈП Водовод Кочани.

Конечното известување за утврдена фактичка состојба до КЈП Водовод Кочани е доставено со пропратно писмо ПП бр.09-1/7 од 14.03.2025 година.

На ден 07.04.2025 година КЈП Водовод Кочани со Допис ПП бр.09-1/9 достави одговор/произнесување по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба на КОП.

Имено, во одговорот се наведеува дека КЈП Водовод Кочани е претрпијатие кое што е концесионер по основ на договор за концесија за експлоатација на минерална суровина-геитермална вода склучен помеѓу Владата на РСМ застапувана од Министерот з аекономија и КЈП Водовод Кочани. За ваквата експлоатација како концесионер КЈП Водовод Кочани е должен да плаќа насоместок за експлоатација под услови определени по важечки Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концесии за експлоатации на минерални суровини.

Со договорот за снабдување со кочинина на геотермална вода бр.12-402/2 од 30.11.2022 година склучен помеѓу КЈП Водовод Кочани како давател и правното лице АГРО-ТРЕФ ДОО како корисник се уредени начинот и условите за снабдување со геотермална вода, приклучувањето, прекинувањето, како и начинот на пресметување и наплатување на испорачаната геотермална вода. Исто така со договорот се уредени и начинот и условите за снабдување со геотермална вода, приклучувањето, прекинувањето, како и начинот на пресметување и наплатување на испорачана геотермална вода.

На ден 30.05.2025 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-1/13 до КЈП Водовод Кочани.

Конечно известување за утврдена фактичка состојба е доставено до КЈП Водовод Кочани со пропратно писмо ПП бр. 09-1/14 од 30.05.2025 година.

На ден 18.06,2025 година КЈП Водовод Кочани достави одговор на Конечно известување за утврдена фактичка состојба. Во одговорот се наведува дека истите останууваат во целост кон досега доставените писмена, наводи и докази приложени до КОП, како и дека спорните Договори за снабдување со геотермална вода и анексите кон истите е исполнети во целост од стsрана на КЈП Водовод Кочани. Давателот на услугата во периодот на времетраење на договорот нема добиено приговор и пријава на штета по никој основ од сstрана на ниту едне корисник. Обврската по договор за извршена услуга е исполнета во целост и без прекин од страна на КЈП Водовод Кочани. Исто така во одговорот по конечното известување КЈП Водовод Кочани истакнува дека КОП при утврдувањето на

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

фактичката состојба и одмерувањето на глобата ги зела во предвид сите оелснителни околносто во предметот, односно спорната одредба од Договорот за снабдување со геотермална вода и доставените Анекс Договори во кои јасно стои дека одредбите од член 3 став (3) се избришани од страна на КЈП Водовод Кочани и дека во иднина нема да имат штетни последици врз потрошувачите.

**По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка и од прибраните докази на лице место, како и од произнесувањето по прелиминарното и конечното изјаснување за утврдена фактичка состојба на КЈП Водовод Кочани, КОП утврди дека:**

Согласно член 4 од Стаутот на КЈП ВОДОВОД Кочани:

„КЈП ВОДОВОД е основано како комунална работна организација со решение на Советот а Општина Кочани бр. 01-1232 од 02.02.1968 година, а како јавно претпријатие основано со одлука на Советот на Општина Кочани бр.08-5606/1 од 16.11.1989 година”.

Согласно член 2 од Стаутот на КЈП ВОДОВОД Кочани:

КЈП ВОДОВОД Кочани е претпријатие основано заради вршење на дејности од јавен интерес.
Дејности од јавен интерес се дејностите или одделни работии од дејностите со кои се остварува јавен интерес.

КЈП ВОДОВОД Кочани во рамкте на својот делокуруг на работење, меѓу другите дејности врши и снабдување со геотермална вода на потрошувачите/корисниците.

Комуналното Јавно претпријатие „Водовод” претставува претпријатие кое поседува доминантна позиција на пазарот на снабдување со геотермална вода на територијата на општина Кочани, бидејќи не постои друго претпријатие кое што ја врши истата дејност на тероторијата на општина Кочани, односно кое врши снабдување на геотермална вода на корисниците.

Имајќи ги во предвид член 49 и член 50 од Стаутот на КЈП ВОДОВОД Кочани:

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста во КЈЛ ВОДОВОД Кочани, не се извршуваат со закон утврдени обврски, а што не се последица на извршувањето на обврската од страна на основачот утврдени со актот нза основање, основачот може да превземе мерки со кои се обезведуваат услови за непречено работење на претпријатиeто ЈКП ВОДОВОД Кочани.

Нарушувањето на работењето на КЈП ВОДОВОД Кочани ќе се смета дека настанало:

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Ако со начинот на работење **не се обезбедува трајно и непречено вршење на услугите,** или остварување на планот за развој, на начин утврден со законот, со што се нанесува штета на корисниците.

Имено, во конкретниот случај, на ден 30.11.2022 година КЈП ВОДОВОД Кочани и склучиле Договор за снабдување со количина на геотермална вода.

Согласно член 3 став (3) од наведениот Договор:

„Доколку дојде до прекин и исклучување од системот за напојување со електрична енергија **од било кои причини кај снабдувачот-давател, истиот не е одговорен за настаната штета кај корисникот**”.

Еднострано наметнување на нефер куповни и продажни цени или други нефер услови на тргување согласно Законот единствено претставува злоупотреба на доминатна позиција забранета со член 11 од Законот.

Во член 58 од Законот јасно е предвидено дека: „Доколку се предизвика штета со било кое дејствие кое претставува прекршок согласно одредбите од овој закон, **лицето кое што ќе претрпи штета може да бара надомест согласно со закон**”.

Вака наведената одредба во Договорот снабдување со количина на геотермална вода (член (3) став 3) од Догоговорот) е во спротивност на член 11 од Законот, бидејќи во конкретниот случај, КЈП ВОДОВОД Кочани доставил Договор за снабдување со количина на геотермална вода, склучен со Друштвото за трговија и производство АГРО-ТРЕФ ДОО Кочани во кој вметнал одредба во член 3 став (3) и при тоа искористувајќи ја својата доминанта позиција се иззема од одговорност за настанатата евентуална штета кај корисникот во случај на прекин и исклучување од системот за напојување со електрична енергија со што го условува склучувањето на договорот со прифаќање на дополнителни обврски што по својата природа или согласно трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот за снабдување со количина на геотермална вода.

Согласно член 11 став (1) и (2) од Законот

(1) Забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел.

(2) Злоупотребата од ставот (1) од овој член особено постои во случај на:

1) директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;
2) ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите;
3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција;

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

5) неоправдано одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат стоки и/или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му се нанесе штета на тоа претпријатие;

6) неоправдано одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, доколку без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини биде оневозможено да дејствува како конкурент на определен релевантен пазар.

Согласно член 59 од Законот

(1) Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:

1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон;
2) стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на член 11 од овој закон;
3) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 51 од овој закон;
4) не постапи по решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата од член 52 од овој закон;

Врз основа на се погоре наведено, од анализа на прибавените податоци и документи во текот на постапката, КОП утврди дека КЈП ВОДОВОД Кочани како јавно претпријатие основано со одлука на Собранието на Општина Кочани кое поседува доминантна позиција на пазарот на снабдување со геотермална вода на територијата на Општина Кочани, доставил Договор за снабдување со количина на геотермална вода бр.12-3571 од 18.10.2023 година на Друштвото за трговија и производство АГРО-ТРЕФ ДОО, со кој договор вметнал ограничувачка одредба во член 3 став (3), во која одредба се наведува дека доколку дојде до прекин и исклучување од ситемот за напојување со електрична енергија од било кои причии кај снабдувачот-давателот не е одговорен за настанатата евентуална штета кај корисникот и на тој начин го условува склучувањето на договорот со прифаќање на дополнителни обврски што по својата природа или согласно трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот за снабдување со количина на геотермална вода, што претставува евентауален прекршок од член 59 став (1) точка 2), а во врска со член 11 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно 59 став (1) точка 1) од Законот, КОП, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако стори злоупотреба на доминатна позизија.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

Согласно член 64 став (5) тока 2) КОП како олеснителна околност во предметот го зема фактот дека КЈП ВОДОВОД Кочани е јавно претпријатие кое првеземало дејствие во врска со сторениот прекршок, односно, спорната одредба од Договорот за снабдување со геотермална вода, одредбата од член (3) став 3) ја има избришано. Како доказ за постапувањето на КЈП ВОДОВОД Кочани се доставените Анекс Договори кон Договорот за снабдување со геотермална вода со потрошувачите и видно од истите горенаведените спорни одредби се избришани и во иднина нема да имаат штетни последници врз потрошувачите.

КЈП ВОДОВОД Кочани во 2024 остварил вкупни приходи од продажба на топла вода во износ од 13.290.364,00 денари.

КОП утврди дека износот на глобата која се изрекува на КЈП ВОДОВОД Кочани за сторен прекршок од член 59 став 1) точка 1) од Законот изнесува 10.000,00 денари, што претставува 0,07524% од вредноста на вкупниот годишен приход на КЈП ВОДОВОД Кочани остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р Борче Размоски**